**Република Македонија - Doing Business 2010, World Bank**

**Топ реформатор: 3-то место**
**Водење бизнис: 32-ро место**

Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД, Скопје ја има честа да објави дека Република Македонија се движи во нагорна насока според Индексот на Светска банка Doing Business 2010. Имено, Република Македонија е рангирана на 32 место на листата на Светска банка Doing Business 2010, меѓу 183 држави и оствари скок од 37 места во однос на лани, кога беше на 69-та.

Истовремено, Македонија е трета меѓу топ-реформаторите во светот на листата што Светска банка, секоја година, ја објавува заедно со извештајот Doing Business, Македонија со високото 32 место на листата Doing Business 2010 е рангирана најдобро во регионот, пред Бугарија (44), Словенија (53), Романија (55), Црна Гора (71), Турција (73), Албанија (82), Србија (88), Хрватска (103), Грција (109), Косово (113), Босна и Херцеговина (116)

Земјите на листата Doing Business се рангирани според десет категории. Тоа се: започнување бизнис, добивање градежни дозволи, вработување на работници, регистрирање на недвижности, добивање кредит, заштита на инвеститорите, плаќање данок, прекугранично тргување, присилно спроведување договори и затворање на фирми.

Македонија е најдобро рангирана во категоријата „започнување бизнис“ и се нагласува дека фирма се регистрира со 4 процедури за 4 денови, без минимален капитал.

Добри резултати Македонија има и во областите „заштита на инвеститорите“ и „плаќање даноци“, а најлошо стои во категориите „регистрирање на имот“ и „затворање на бизнисот“.

Македонија во однос на минатогодишната листа, напредувала во сите категории, освен во „добивање кредити“ и „присилно спроведување на договорите“.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

Со реформите на Централниот регистар на Македонија нашата земја стана водечка земја по брзината на регистрација на нови трговски друштва. Станува збор за институција што е пример за успешно спроведување на поставените реформи..

Преку воспоставувањето на едношалтерскиот систем се овозможи зајакнување на информациската инфраструктура во јавната администрација и соработка со приватниот сектор. Времето за регистрација на правните субјекти од пет дена во 2006 и 2007 година, денес е намалено на само 4 часа, што ја става Република Македонија во топ 5 земји во светот за почнување бизнис. Основачите на трговските друштва веќе немаат потреба да плаќаат други лица за подготвување на потребните документи за регистрација, бидејќи Централниот регистар им нуди бесплатна подготовка на документите, со помош на стручните лица што работат во одделението за техничка помош. Процесот на регистрација го опфаќа регистрирањето на трговското друштво во единствениот Трговски регистар и обезбедувајќи при тоа: ЕМБС (единствен матичен број на субјектот), доделување единствен даночен број на субјектот од страна на Управата за јавни приходи, отворање прва сметка во банка на субјектот, како и објавување на уписот на трговското друштво на веб-страницата на Централниот регистар.

Најдобри на светот за водење бизнис, според оваа листа се Сингапур, Нов Зеланд, Хонг Конг, САД, Велика Британија, Данска, Исланд, Канада, Австралија и Норвешка, а на дното на листата се Централно-африканската Република, Конго, Демократска Република Гвинеја-Бисао, Сао Томе енд Принципе, како и Република Конго.

Светска банка, секоја година, заедно со извештајот Doing Business, ја објавува и листата на топ - реформатори на светот, на која и годинава се најде Македонија, на високото трето место. За прв пат годинава топ реформатор е земја од суб сахарска Африка и тоа Руанда, а по неа следуваат Киргистан, Македонија, Белорусија, Обединетите Арапски Емирати, Молдова, Колумбија, Таџикистан, Египет и Либерија

* * * *

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk